**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да продолжиме со работа сакам да ве замолам за едно извинување за задоцнувањето, тоа се должи на моја протоколарна обврска.

Пратениците: Зоран Витанов, Ристанка Лалчевска, Цветанка Иванова, Нежрет Мустафа, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Насер Ајдини, Даут Реџепи, Али Ахемти, Рафис Алити, Џеват Адеми, Садула Дураку, Љубчо Георгиевски, Благој Зашов, Лазар Китановски, и Абдуљади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за полиција.

Проведурално има збор пратеникот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Како заменик координатор на парламентарната група ДУИ - ПДП поради еден инцидент, или поинаку кажано едно грозоморно убиство на еден поранешен функционер на институција на Република Македонија, поранешниот заменик директор на Македонската царина, господинот Иса Лика, парламентарната група ДУИ - ПДП бара од координаторите на парламентарните групи и овој Парламент пленарната седница на ова Собрание да продолжи со работа до 12,40 часот, бидејќи во 14,00 часот ќе биде погребот. Затоа барам подршка и со претседавачот на Собранието да се координираме со координаторите на парламентарните групи. Барам еден хуман гест од ваша страна и од сите пратеници на парламентарните групи.

**Љубиша Георгиевски:** Давам 15 минути пауза заради консултации.

Ги молам координаторите да дојдат во сала Охрид.

(Пауза од 11,25 до 11,40 часот)

Пред да ја продолжиме седницата, имам чест да ве известам дека на консултациите добивме едногласна согласност денешнава седница да трае до 12,45 часот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ. Повелете.

(реакција на пратеникот Азис Положани)

Се извинувам господине Положани, вие вчера не завршивте, па затоа повелете.

**Азис Положани:** Можеме да се договориме, бидејќи господинот Рахиќ има обврски, после него да земам збор јас.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против. Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитувана министерке,

Се јавив да кажам неколку зборови и да го изнесам мојот личен став за овој закон. И вчера требаше да говорам, меѓутоа, бидејќи бев на состанок со неколку амбасадори од европските земји, само се потврди моето размислување дека треба да го изнесам јавно својот став и да се обидиме да ставиме крај на оваа епизода наречена закон за внатрешни работи.

Овој предлог закон беше изработен од претходната Влада и во најголем дел, со некои мали измени кои што се направени со амандмани на Владата, истиот тогаш како претседател на Комисијата за безбедност знам дека помина законот во нашите комисии и очекуваме дека ќе биде изгласан.

Имам две работи кои сакам да ги кажам како забелешки овде, иако афирмативно сакам да кажам, затоа што лично сметам дека овој закон е неопходен на оваа држава. Ако се сеќавате, пред неколку денови Ерхад Бусек рече не барајте датуми, дајте резултати, дајте работа. Една од тие работи и од тие резултати е веројатно донесувањето на овој закон. Лично сметам, ако станува збор за една демократска држава, за една демократска опција, овој Парламент го избраа граѓаните на Република Македонија, треба да работиме во интерес на граѓаните на Република Македонија и да го донесеме што поскоро овој закон, кој што подоцна со подзаконски акти ќе регулира одредени односи во самата полиција. Причина повеќе е она што го рекоа колегите од ДУИ што се случи вчера во Тетово и час поскоро мислам дека треба овие условно речено јалови дискусии, иако со право во одредени сегменти се дискутира, се бараше дијалог, најчесто тоа беше монолог, се согласувам, законот треба да се донесе. Во делот каде што сметавме дека треба да се реагира се реагираше. Јас лично ќе реагирам во делот на скратувањето на годините на стаж, меѓутоа, амандмански откако ќе се донесе законот, затоа што сметам дека командир на полициска станица и началник на сектор не можат да имаат иста тежина и да имаат 6 години стаж за да биде или командир или началник. Тука треба да се направи една мала дигресија, сепак, началник на сектор е малку повисока и поодговорна функција.

Затоа, апелирам до моите колеги од ДУИ полека да привршуваат со своите дискусии , иако во еден неврзан и неформален разговор со повеќе од нив го слушнав тоа, а тоа го кажа и господинот Џеват Адеми дека постојат во оваа држава демократски

институции низ кои може да се оспори евентуално донесувањето на овој закон, низ одредена постапка во Уставниот суд, меѓутоа, јас апелирам да го изласаме овој закон затоа што една од обврските во нашата држава во делот на интегрирањето во евроатланските интеграции е донесувањето на овој закон. Мислам дека со добар дел од одредбите се регулираат одредени проблеми и мислам дека она што го спомнав подоцна со одредени подзаконски акти треба да се занимаваме со квалитетот во полицијата, како техничката оспособеност, така и да видиме кои луѓе што работат. Недопуштено е полицијата во Република Македонија и обичен полицаец да бидат со 10.000 денари плата и да бараме од него да се бори против криминал и криминалци, кои со една минута излегување на терен и на улица ги заработуваат истите пари.

Затоа, уште еднаш да повторам, бидејќи сметам дека ова е круцијален закон, ги повикувам моите пријатели и колеги, соработници со кои бевме во коалицијата од ДУИ, да покажат доблест бидејќи заедно 4 години ја градевме оваа европска опција, дека овој закон е токму дел од таа европска опција, полека да приврשуваме со дискусиите, доколку сакаат да гласаат тоа е нивно право, доколку не сакаат не да го бојкотираат или да не гласаат, а своите права да се обидат да ги истераат низ демократските институции на Република Македонија. Се надевам дека овој мој личен став го делат речиси повеќето или сите пратеници од СДСМ и дека афирмативно ќе се произнесеме за овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути за господинот Буџаку. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине Георгиевски,

Почитувани колеги, господине Рахиќ, вие во вашата дискусија, кратка дискусија и доста конфузна рековте работи за кои апсолутно не се согласуваме, нарекувајќи ги нашите расправи тука како јалови дискусии, земајќи си за право или давајќи си себеси право да препорача или да замоли во име на ДУИ или обраќајќи се на ДУИ да биде конструктивна и да ги скрати своите дискусии, што во начело во демократија и во повеќепартиски парламент може да се зборува, може да се зборува за овие работи по колуарите и во другите контакти, меѓутоа не е во ред, доколку говорите во лично име така како што рековте, значи не е во ред да се ограничи или да се наметне на индиректен начин некој ред или правило кон кое треба да се придржи другата партија или во овој случај коалицијата ДУИ -ПДП.

Се надевам дека ова е негов личен став, затоа Што во овој парламент треба да важат правила на демократска парламентарна игра и не треба во овие случаи некој да наметне некому според своето мислење или своите анализи кои не се во ред, затоа што во прв ред Европа бара од нас квалитетни закони, а тоа е потребно за да биде Македонија во Европската Унија или прв адут на Македонија за влез во Европа е Охридскиот договор. Од овој аспект нашите дискусии и наше јавување едно по друго е за еден закон кој што нема меѓуетнички консензус и со тоа го загрозуваме нашиот пат кон Европа, а не правиме нешто што би и се допаднало на Европа. Доколку овој закон треба да влезе во сила една година, тогаш не е никаква пречка и од Европската комисија е таква препораката да се донесе овој закон колку што е можно побрзо во оваа нередовна форма или како да кажам, без целосен консензус, што е многу значајно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Кажав јалова дискусија, затоа што она што вие го кажавте, монолог од ваша страна се дискусиите, а од другата страна нема одговор. Инаку, не го оспорувам вашиот демократски капацитет и вашата желба да придонесете за квалитетно донесување на законот.

Јас сум еден од пратениците што гласа според Бадинтеровиот принцип и сметав, затоа ја напуштив седницата на Комитетот, дека овој закон треба да се донесе со Бадинтерово мнозинство. Меѓутоа, после вчерашниот ручек со амбасадорите кои рекоа дека овој закон и е потребен на Република Македонија, и јас и вие тоа го знаеме, после настаните што секојдневно се случуваат во Тетово, Скопје и слично, сметам дека овој закон мора да се донесе. Јас апелирав до вас, изнесов мој личен став и мое лично размислување, несакајќи да го потценам вашиот придонес. Вие имате право и можност тоа да го кажете, го кажувате на демократски начин, инаку, немав никаква намера да влијаам на тоа дали вие ќе го прифатите овој став или не. Едноставно сметам дека овој закон треба да се донесе, а низ една демократска процедура јас ќе барам да се зголеми бројот на сектори и годините на работно искуство за началник на секторот да се зголемат од 6 на 8 или 10 години.

**Љубиша Георгиевски:** Почитуван господине Азис Положани, повелете, имате збор.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, уважени дами и господа, почитуван господине претседател,

Дозволете ми во овој дел од моето излагање да се потрудам уште еднаш да ги аргументирам причините поради кои расправаме како што велите вие на широко и долго, дека се повторуваме, дека со надеж со овие дискусии во таа насока да придонесеме и мнозинството и предлагачот на овој закон да изнајдат разум за да ги сослушаат дискусиите и да рефлектираат во однос на нашите аргументи, па на овој начин да го исполниме тој наш стремеж во расправата во Собранието. Да не заборавиме дека кога почна расправата за овој Предлог-закон, многумина ја повторија тезата дека е еден добар исчекор на сите парламентарни групи, сега веќе во рамките на расправата во Парламентот ќе се создаде можност и за еден толку очекуван и посакуван дијалог, но по се изгледа само деклариран, посебно од господинот Груевски и најголемата

партија на власт. И покрај се, би требало да се изнајде еден начин на дијалог, а формата на овој дијалог во Парламентот е една од формите на дијалогот, институционална форма, но секако дека има за цел во рамките на оваа расправа преку дијалог да можеме да дојдеме до најдоброто решение во однос на законот, да наметнеме разрешница и законска содржина во овие наши аргументи, законот да биде подобар во однос на граѓаните, да ги исполни тие аспекти за кои овој закон е меѓу приоритетите и агендите на неколку активности, а како што рековме и на нашето чекорење кон зачленување во Европската унија, значи исполнување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, исполнувањето на Охридскиот договор, во овој контекст и на неговиот дел кој е ненормативен или Анексот Ц, но и на Законот за локална самоуправа а во овој контекст и уставната димензија на овој аспект. Значи, со овој дијалог  треба да имаме еден подобар закон, да се дополни овој закон, а со причина овој закон не се донесе до денес. Ова не се случи.

Почитувани пратеници, треба да констатирам дека настојувањето на најголемата парламентарна партија која ја раководи владината коалиција само декларира дека сака да развива една парламентарна расправа и дебата, но дебатата ја остави како таква, како еден монолог, како дијалог на глуви и со сериозност не пријде оваа расправа да ја претвори во дијалог, не едностран туку многустран и да се постигне најдобро решение. Ова беше една транспарентна тенденција и еден несериозен пристап на парламентарното мнозинство, односно и на ВМРО-ДПМНЕ да ја редуцира оваа парламентарна расправа во една формална димензија, наводно за да се создадат парламентарни услови за дебата, но без дијалог, бидејќи како што гледаме партиите од мнозинството само реплицираат и на крајот само критикуваат зошто ние продолжуваме со нашите дискусии, а во ниту еден момент не дадоа ниту еден аргумент дека овој закон треба да остане така  како што го изготви господинот министер за внатрешни работи од минатата влада. Ова е причината, ние  продолжуваме да расправаме на овој начин, бидејќи почитувани пратеници, ова е и наш мандат. Ние сме во рамките на нашиот мандат, почитувани пратеници, ние имаме мандат со нашиот глас да го штитиме Охридскиот договор, со соодветните закони да се опфатат елементите од овој договор, секако збогатувајќи се и со елементи на нашите потреби за евроатлантски и европски интеграции. Бидејќи ова не се случи, не само овие три недели за кои зборувате, туку и пред една година во текот на нашата власт, бидејќи законот една година е во разни парламентарни постапки, владини и управни постапки, не се постигна договор, а ние немаме мандат да го менуваме нашиот став  во однос на овој закон, што е спротивно со парламентарното мнозинство и посебно со најголемата партија во владината коалиција, која брани нешто што е надвор од нејзиниот мандат, значи брани нешто што беше производ на едно мислење, еден пристап и концепт на едно друго лице или на една друга политичка структура, па поради ова немате мандат. Значи причината зошто ние дискутираме-ќе му реплицирам и на господинот Рахиќ, а и сите кои вчера настојуваа да го оспорат нашето право да аргументираме и понатаму со надеж дека ќе најдеме разбирање. Значи ние сме во рамките на нашиот мандат и немаме мандат да го менуваме нашиот став за есенцијални прашања на овој закон, како што ВМРО-ДПМНЕ нема намера да поддржи закони кои ги критикуваше кога беше во опозиција, а сега е позиција, кога друг беше во позиција. Тоа што ние одлучивме три недели да дискутираме е малку ако се земе предвид дека авантурата на овој закон или процесот на изградбата или донесувањето на процесуирањето на овој закон е една година или година и 3-4 месеци, ние овој став го имаме не само во текот на овие три недели, почитуван господине Георгиевски, туку овој наш став е една година и повеќе и поради истите причини кои и тогаш сме ги изнеле стоиме на тие ставови. Очекуваме со искреност зборовите на највисоките раководители на ВМРО-ДПМНЕ кога рекоа, иако седницата почна со тие елементи кои не се честа карактеристика за една парламентарна пракса, но и покрај тоа оваа пракса ја олеснува праксата на ВМРО-ДПМНЕ од минатиот мандат со излегување тука на говорница и постапки кои не се користат често, а не би сакал тие да се користат често пати. Тогаш се кажа од ВМРО-ДПМНЕ дека ова е многу добро, и покрај тоа, се отвори дијалогот, се отвори расправа и ние очекувавме да видиме како ќе го подобриме законот. Ова очекување кое го имавме врз основа на искажаното не се оствари, бидејќи парламентарното мнозинство расправата ја редуцираше, се претвори расправата во наш монолог, а ние најдени пред една ваква состојба бевме принудени и не ни остана ништо друго, почитувани пратеници, освен како што реков во рамките на тој мандат да го браниме повеќе од една година. Поради тоа и минатата година не се донесе овој закон, поради истата причина продолжуваме да аргументираме и да очекуваме да има едно зрачење од ваша страна и еден пристап кој ќе ја збогати парламентарната расправа со еден дијалог и резултат, а како резултат на тоа ќе имавме подобар закон и подобри решенија, бидејќи на овој начин мислиме дека правиме за доброто на граѓаните и за имплементацијата во секојдневниот живот на еден закон, за што би требало да има и политичка поддршка и етничка поддршка, како што сакаме ние да кажеме. Бидејќи позицијата е глува и само реплицира, нам не ни останува ништо друго туку да продолжиме со нашите расправи, уште повеќе, овој монолог е уште поголем тогаш кога се оспори правото за прв пат, како што кажаа претседателите на парламентите кои се присутни, за прв пат во историјата на овој Парламент се случува да не се расправа за амандаман, за

поднесувањето амандмани кои во последен момент се поднесоа од Владата.

Со тоа уште еднаш се бетонира глувиот пристап на мнозинството кое по секоја цена сака Парламентот да го претвори не во дијалог, туку како една гласачка машинерија кое ќе се убеди во тоа писмо кое доаѓа од страна на Владата за што доста често Парламентот беше критикуван и во минатото. Да бидам искрен често пати Парламентот или мнозинството постапувало и реагирало на овој начин, но тоа не значи дека бил добар начин.

Така, почитувани пратеници, дами и господа сакале или не овој Парламент придонесува на есенцијален начин во намалување на кредибилитетот и логиката на демократските институции за Република Македонија за што верувам дека ќе биде уште еден индикатор во проценката и во рамките на Европската унија.

Ќе ви кажам, иако сум бил дел од минатата Влада, малку бев во овој Парламент, ќе ви кажам дека во минатиот мандат, имајќи го во предвид тоа дека носењето на закони или прилагодувањето на законите во Парламентот беше во однос на Охридскиот договор, беше тоа кое најмногу се оцени од Европската унија за да ни ја дадат кандидатурата и да го имаме статусот на кандидат за ЕУ, а не нивната имплементација, бидејќи не сме успеале да ги имплементираме . Владата ги предлагаше, но расправата во Парламентот и процедурите, тоа што се кажа и се бранеше беше најсветлата димензија, најрепрезентативната димензија на политичката клима во Македонија за што Македонија стекна позитивни проценки.

Парламентот имаше позитивни оценки, бидејќи успеа да ги донесе тие закони во согласност со тие области кои ги добивме како мандат за остварување на Охридскиот договор и стабилизација и асоцијација. Сега што се случува? Сега се случува Парламентот неправејќи дијалог, некористејќи го ова место како место за дијалог преку кој можеме да дојдеме до подобро решение, но редуцирајќи го во еден монолог и носејќи ја коалицијата ДУИ и ПДП во една состојба да се бориме со ветерници, не можеме да видиме дека се деградираме сами себе и даваме позитивна проценка за демократските институции паралелно со тие оценки кои ни требаат до колку се позитивни во Европската унија.

Не е добро да говориме овде три недели ниту за нас, ниту за мене лично на овој начин да се инсистира и да се каже говорете колку сакате, ние ги имаме гласовите и овој закон ќе го донесеме, бидејќи посебно овој закон може да се исплати неговото неимплементирање во пракса. Неслучајно групите кои беа во НАТО истото го имаат кажано дека овој закон бара што поширок политички консензус. Помалку се спомнува етничкиот консензус, бидејќи го надминавте, како што ја надминавте таа потреба од етнички консензус преку марифетот што се направи во Комитетот.

Но, кога се вели поширок политички консензус сеуште не се мисли за претставување на левицата и десницата, но во едно мултиетничко општество се мисли на мнозинството кое го прават и другите заедници. Затоа мислам дека овие сугестии не треба да се повлечат и да бидеме индифирентни во однос на тоа. Господине претседателе вие добро читате и знаете дека, меѓу другото, сте ги прочитале и делата на Левизел кој, имавме чест да го имаме на едно предавање во нашиот Парламент како лице кое беше самиот жртва на Холохаустот и добитник на Нобелова награда. Што ни кажа тој господине Георгиевски? Антитезата на доброто не е лошото. Антитеза на вредноста не е антивредност или спротивно на сонцето и денот не е ноќта, туку е индифирентноста на доброто во однос на сонцето и на вредностите. Вие, останувајќи индифирентен во однос на ова што го кажуваме овде и редуцирајќи го овој дијалог во еден глув дијалог, мислам дека со вашата индифирентност оспорувате се што се нуди добро и што се подава рака овој закон да го направиме за доброто на граѓаните во рамките на Деловникот. Со тоа нема да направите добро, бидејќи не е добро ние да бидеме лоши, а да кажеме дека вие сте добри, доволно е вие да бидете индифирентни во однос на доброто што ви се нуди во овој случај. Но, се декларира спротивното. Се мери лошо со лошо или волјата со неволјата, или вредноста со антивредноста и вашиот индиферентизам.

Почитувани припадници од мнозинството немојте да бидете индифирентни во однос на нешто што ви се нуди во рамките на оваа парламентарна димензија, немојте да го редуцирате дијалогот на оваа расправа во еден монолог, бидејќи монологот во Македонија кој ќе се проследи надвор од Парламентот во граѓанското општество, во разни општини, мислам дека нема да биде добар ниту од полза за ни една заедница во Македонија. Ние не треба да водиме монолог, вие ни го наметнувате монологот почитувани пратеници од мнозинството. Монологот да излезе од оваа институција и да го имаме секаде таму каде настапуваме како такви и во нашите домови, но тогаш ќе нема напредок. Замислете да ги кажеме фрустрациите на ова или другото мнозинство, туку да создадеме дијалог и да дадеме смисла на оваа расправа, а таа смисла се дава преку расправата која произведува прогрес и која произведува добри работи и закони од полза на граѓаните.

Затоа немојте да се грижите дека ние расправаме долго, бидејќи сакаме да го отстраниме велот од индифирентноста кај вас, да ја отстраниме таа пречка која ве прави да бидете доблесни и од полза за нашата земја, бидејќи тоа го сакаат и нашите граѓани, тоа го сака нашата иднина. Во стилот на Левизел немојте да бидете индифирентни на тоа што се случува денеска овде, бидејќи индиферентизмот може да даде

негативни резултати и кај другите органи и навистина да не биде од полза за што сите стремиме.

Дозволете ми уште еднаш да дадам едно објаснување што вчера се потрудив во текот на една минута да кажам за две прашања, еден почитуван пратеник од мнозинството го кажа овде, неповторувајќи го тоа што го кажа вчера, но кажа дали за секој закон ќе се однесуваме вака. Господине пратеник не сакам да ви реплицирам, но сакам да ви укажам дека се факти, дека ние немаме мандат да ги блокираме нашите институци. Не сакаме ниту самите да го блокираме патот на Македонија кон Европската унија, бидјеќи овде се донесоа закони со наше присуство кога имавме кворум, кога претседателот на Парламентот не замоли да ја прекинеме седницата, да донесеме друг закон, да испратиме наши вооружени сили таму каде што треба, донесовме и други закони со нас или без нас. Ова е аргумент дека е против вашата теза дека нашето однесување е неодговорно, дека само го блокираме Парламентот и дека секој закон кој ќе дојде овде ние сакаме да го блокираме ова Собрание. Аргументите во овие неколку дена го покажаа спротивното, реков, ние не го злоупотребуваме нашиот мандат, ние имаме мандат да се грижиме посебно за законите од Охридскиот договор и за слободите и правата на граѓаните не само за албанците, туку и за сите други граѓани. Имаме мандат преку овие закони, со квалитетот на овие закони да и помогнеме на Македонија и на сегашното парламентарно мнозинство полесно да го оствари овој стремеж, бидејќи тоа е консензуален стремеж за сите нас, за нашето зачленување во Европската унија, но не сме сигурни, кршејќи го Охридскиот договор, не имплементирајќи ги законите и носејќи закони кои се против и не ги гарантираат правата и слободите на човекот, на тој начин не и се помага на Македонија. Ќе речам не и овој вид на дискусии, почитувани пратеници, ќе го употребиме за тоа и на тој начин како што го имаме мандатот за работи кои се во функција на заштитата на нашиот мандат кој го добивме од граѓаните и ќе бидеме како што треба да бидеме. Мандатот го имаме за зајакнување на демократијата, зајакнување на патот кон Европската унија, НАТО и другите структури. Но, механизмите и методологијата како ќе успееме да дојдеме до елементарната основа и до консензус на елементарните вредности, тоа се демократијата, но за ова треба да води сметка мнозинството. Што е демократија во суштина? Демократијата е заеднички договор за базичните вредности на еден систем за кој сите ќе се согласиме дека ги почитуваме. Сме се согласиле да ги создадеме основните демократски вредности над кои можат да се градат алтернативи, но основата треба да биде таа што е. Вие се погриживте да имаме разлики во изградбата на основата на овој систем непочитувајќи ја волјата на гласот на албанското мнозинство во Македонија. Вака го нарушивте базичниот консензус врз кој се гради демократскиот систем, со тоа само го загрозивте прашањето и отворивте пат на еден однос кој ја оспорува основата на демократијата, а камо ли алтернативите кои можат да се дадат врз принципот на левицата или десницата, врз етничките или програмските разлики односно доктринарските разлики.

Треба да размислиме сериозно да го увидите овој елемент, бидејќи не можете да очекувате ние да градиме алтернативи или да ја дадеме алтернативата во рамките на еден парламентарен плурализам сомневајќи се во основата во која не треба никогаш да се сомнева.

Со решението кое го направивте дозволете ми да кажам дека ги ставивте во сомнеж демократските основи кои секако треба да бидат консензуални за да врз нив градиме и други вредности.

Затоа мислам дека е упатно да се вратат пратениците кои ја знаат изградбата на системот и создавањето на демократските вредности на институциите. Каде е дефектот во сето ова, бидејќи вчера и завчера се зборуваше и од високи позиции се кажа дека несоодветниот начин го намалува нивото на застапеноста говорејќи за работи на кои не им е местото, но мислам дека имаат право да кажат нешто слично и на тие места сакајќи да ги скрнават тие средби, но и тие работи можат да се кажат, но да ги отвориме овие базични работи, кои имаат логика во начинот како ќе партиципираме во изградбата на оваа кревка демократија за која сме принудени да ја зајакнеме и да ја градиме за доброто на нашите идни генерации, на нашите деца.

Законот за полиција ние не можеме да кажеме дека требаше да помине брзо не само од причини кои ги кажав, ова не е расправа од три недели, туку од пред една година, нема ништо извонредно, но поради причината дека има една формулација на многу документи кои се прочитаа на албански јазик,  на македонски јазик, на англиски јазик, на латински јазик. Вчера госпоѓа Теута настојуваше да  даде свој придонес и на едно друго ниво за да го убеди мнозинството, но по се изгледа не сакавте да не разберете. На англиски се вели полис... тоа значи полицијата е чувар на вратата во однос на правата на малцинствата или немнозинските заедници. Значи, полицаецот ја дели правдата или ја отвара вратата до правдата кога се во прашање немнозинските заедници. Доколку овој полицаец со овој закон се уреди кога ќе ја отвори вратата, кога да ја затвори вратата или дали да ја отвори оваа врата кон правдата само за една заедница или и за другите заедници или за некој оваа врата ќе биде поширока, за некој ќе биде потесна или за некој ќе се гледа дали има ваква или онаква боја, мислам кога ќе ја земеш улогата со закон на една независна структура која постапка се заснова со закон, фактички да ја добие улогата да биде на вратата која ја дели правдата од неправдата, правдата од тие кои фактички можат никогаш да не дојдат до правда под влијание на законот кој

може да се имплементира на еден или на друг начин кога се говори за тоа што е клуч на граѓанските права посебно во мултиетнички општества. Реков дека вратарот е на граница меѓу правдата и неправдата за немнозинските заедници, во овој случај е големо прашање за една мултиетничка демократија, големо прашање за граѓаните на една земја и како такви ние не можеме да не расправаме во оваа насока, бидејќи се работи за клуч од кој зависат судбините на граѓаните. Кога тоа потфрлува имаме тоталитаризам, тогаш имаме анархија, тогаш имаме разни форми кои немаат ништо заедничко со демократијата.

Затоа почитувани колеги, дозволете ми да приврашам со овој дел од моето излагање, канејќи ве да не ја изместиме улогата на оваа расправа во нешто што не е наша цел. Ние расправата ја разбравме како дијалог, но некој ни го наметна како монолог, бидејќи изместувањето на расправата со цел на дијалог за подобри закони со еден инает од ваша страна или добар или лош закон како што се вели од мнозинството, но еден добар исчекор да видиме понатаму како да го уредиме овој закон бидејќи сме го поднеле без да размислиме добро. Повикувајќи се дека го изготвил некој друг и ние како ДУИ и ПДП кога ни се оспори еден наш аргумент, а немаше противаргумент, тогаш вие сте биле на власт, но ние имаме одговор, да, сме биле во власта, но и тогаш не сме дозволиле една година да дојде во втора фаза. Еве три недели расправаме во однос на тоа, но не го сметам како ваши аргументи фактот дека овој закон кој треба да го изгласаме, го изготвивте вие. Или, зошто го изготвил еден бивш министер или самиот факт дека во првата фаза сте биле и вие во власта. Ние бевме во таа власт, но поради овие аргуемнти не дозволивме овој закон да дојде како што е во овој дом, почитувани, со овие решенија. Од истите причини продолжуваме да го спориме, бидејќи се надеваме дека има простор, има викенд пред нас, имаме можност да прозрачи позитивно и да видиме како да дојдеме до тој дијалог и како тој закон да биде подобар.

Немојте да ја изместите, почитувани дами и господа, логиката на оваа расправа која има за цел да го претворите во еден инает и немојте да бидете индифирентни во однос на вредностите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Годподинот Цветко Грозданов три минути реплика.

**Цветко Грозданов:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, господа пратеници,

Јас бисакал да му реплицирам на господинот Положани, овие денови се изнаслушавме добри филозофски мисли, само би сакал да направам еден осврт околу еден дел од неговото излагање, а тоа е околу некочењето или аспирациите кои Македонија ги има спрема Европската унија и НАТО.

Се согласувам со вас дека сето тоа е со добра намера и за пофалба, но господине Положани јас би сакал да ви укажам дека она што вие самите го кажавте дека со блокирањето или парализирањето на овој дом, на Собранието на Република Македонија индирекно ќе овозможите кон забавување на овие процеси, со тоа што успехот кој Владата го покажа воовој временски период свесно сакате да го намалите и свесно сакате на некој начин да го задскриете.

Не ви дава за право ништо да, во овој временски период што го поминавме, имаме само дијалози како што беше и вашиот дијалог, кога не се осврнавте конкретно на ништо или на ниту еден член од законот. Зборувавте и кажувавте филозофски мисли. На овој начин не можеме на Македонија да и овозможиме брз напредок. Ако сакаме тоа заеднички да го направиме треба да го направиме со тоа што ќе бидеме продуктивни во Собранието, со тоа што ќе бидеме, на некој начин вие како опозиција ќе овозможите да Владата, она што го има зацртано, се што е добро биде прифатено, а го прифатиме затоа што овој закон се бара од нас да биде прифатен.

Овој закон ВМРО-ДПМНЕ не го носи сам. Го носи со опозицијата, го носи со широкото мнозинство. Овој Предлог на закон е и дел од претходната Владата, со мали измени во што сметавме дека ете, можеби вам да можеме да ви го доближиме Охридскиот договор и ќе ви овозможиме да бидете позадоволни на ваквиот начин, како што предлага оваа Влада, односно господинот Груевски.

Затоа би апелирал дека монолозите и филозофските мисли треба да ги оставиме можеби за некои други прилики а во овој период да се свртиме кон Предлог-законот и да овозможиме на Владата максимално да чекори напред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Азис Положани има контра реплика. Една минута, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам, ќе се обидам да бидам краток.

Прво, законот што се блокира во Парламентот не сме криви ние, туку се криви оние кои без аргументи го бранат, надвор од својот мандат и не дадоа ниту еден аргумент друг освен дека е ова закон на некоја друга Влада.

Мене ова ми беше трета долга дискусија. Во првите направив обид и со членови, па мислев дека и на овој начин ќе принудам да се размислува малку повеќе, со една добра цел. Ако сакате членови, ќе имате и членови кој да ги чита еден по еден. Немојте да се секирате за тоа, ако баш тоа ве интересира.

Второ, дека дијалогот овде не постоеше и вие покажавте сами со тоа што само реплициравте, а не укажавте на нешто со аргументи како треба да се направи законот подобар.

Трето, велите дека овој закон е добар. Можеби за вас. За нас ниту беше, ниту е добар, па затоа дискутираме да го направиме подобар. Поради тоа не можеме да го поддржиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да му дадам збор на господинот Јани Макрадули, сакам да ви се заблагодарам господине Положани што токму од вас го слушнавме пресудниот глагол, дека законот се блокира во Парламентот. А, кој е виновен за тоа, ќе одлучи јавноста на Република Македонија.

Господине Јани Макрадули повелете, имате збор.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседател, почитувана госпоѓице министер Јанкуловска, колешки и колеги пратеници,

Мислам дека немаме време да чекаме граѓаните да одлучат кој е виновен за блокирањето. Ќе ја искористам оваа можност, можеби и така ќе завршам, доколку успеам за овие 25 минути, да апелирам до вас, да апелирам до Владата на Груевски, Џафери и Тито Петковски да излезат и да најдаат решение во овој момент. Не мислам дека дваесетината денови што овде ги поминавме се продуктивни во однос на работата на Владата и она што граѓаните го ожекуваат од нас.

Ќе се обидам да зборувам и поконкретно за некои членови, она што доаѓаат како забелешки и од невладини организации, од Европската комисија, но дозволете ми и мене малку призвук или вовед за условите во кои што се носи законот.

Мој впечаток е дека овие денови, откога расправаме, министерката, согласно на тоа како предлагач е постојано тука присутна. После инцидентот што беше во петокот и заменикот министер е постојано тука некаде. Или во бифето или во клубот на пратениците, со што, како граѓанин и како пратеник сум загрижен за тоа чии раце е Министерството, бидејќи министерката како предлагач повеќе од цел работен ден поминува овде со нас и не може да ги врши основните задачи.

Второ, во политички услови или подобро речено политичките услови во кои што се носи овој закон се со недвојбениот впечаток дека Министерството за внатрешни работи се обиде со едно алиби - соопштение да учествува или да даде тон, да даде призвук на конвенцијата на една опозициона партија. Или, она што реално во Собранието се случува, тоа е дека, според пратеничката група немаме дилема, дека амандманската расправа за нас не е завршена. Тука немаме дилема дека не постои механизам, не постои одлука што може предлог на Влада да не може да се поднесе амандман, не постои гласање, нема механизам со кој што ќе може евентуалната измена на член што евентуално ќе дојде од страна на Владата да немаме шанса ние како пратеници да интервенираме и за тоа да продискутираме. Фрла сенка, таквиот начин на одлука на парламентарното мнозинство, во обидот за дијалог што, ќе се согласам, не гледам дека се случува, ниту обидот што невладината организација “Разбуди се” го направи, ниту она што како говор господинот Груевски го кажа таму.

На крајот, одлуката дали овој закон ќе се носи со Бадинтер или не, е автохтона на Комитетот за односи меѓу заедниците, но читаме дека не е баш прифатено така лесно и од Меѓународната заедница, таа одлука. Во денешниот број на “Актуел”, амбасадорот на САД госпоѓата Џилијан Миловановиќ точно и експлицитно кажува дека мисли дека е тоа грешка, каде што со одлуки може да се одлучува, со гласање на мнозинството може да се одлучува дали некој закон, кој што по природата ги тангира и личните податоци и јазикот, како што е членот 128 од законот, каде што Министерството, министерот со неколку подзаконски акти ќе треба да ги регулира тие работи, каде што градоначалниците и советите на општините се дирекно вклучени во процесот на избирање на кандидати, да биде без Бадинтер, што фрла една сенка на конструктивноста на парламентарното мнозинство кое што и во овој момент Комитетот остана практично, истапи или ја напушти седницата и господинот Рахиќ и господинот Кенан Хасипи и пратениците на ДУИ.

Второ, за законот често се вели дека е предложен од ВМРО-ДПМНЕ, подготвен од СДСМ, за што и пратениците на ДУИ неколку пати реагираа. Да бидеме искрени и реални законот не дојде во собраниска процедура. За тоа господинот Никола Поповски зборуваше пред некој ден. Не знаеме што ќе се случуше или хипотетички е тврдењето дека ан блок дека овој закон ќе биде прифатен. Имаше размислување и мислам дека и со амандмани ќе се интервенираше и во секторот Прилеп и во секторот Гевгелија, се јавија сега и други локални интереси, но Собранието не ја виде верзијата на тој закон. За тоа не можеме да кажеме дали или се повикува парламентарното мнозинство дека е обврска наша за закон што се појавил, односно не се појавил овде во Собранието.

Не сакам да ве потсетам дека ВМРО-ДПМНЕ, кој сега оди на европската реторика дека брзаме за тој закон, иако рокот за овој Извештај е поминат и мислам дека треба да влеземе во една пореална варијанта дека овој закон ќе влезе во наредниот извештај во февруари и треба да се обиде уште еднаш, апелирам, да се изнајде решение и да излеземе од овој ќорсокак.

Верувам дека ова што господинот Азис Положани малку скромно го најави дека пратениците на ДУИ, за што им честитам за она што го прават како ангажман овде во Собранието, се спремни да ги прочитаат сите членови. Но, не мислам дека тоа е решение што во овој момент ни треба. Затоа апелирам да се изнајде некое решение што во овој момент не зависи од пратеничката група на СДС.

Или пак сведоци сме, реков дека реториката сега се брза, а во април се велеше не ни треба закон за полиција, ајде побрзо да одиме за избори, со оглед оној рејтинг што постоеше меѓу политичките партии.

На крајот, ВМРО Народна партија веројатно најдобро го искористи. За секој повлечен амандман си повлече по еден човек во управните одбори и веројатно тие најмногу профитираат од

овој закон. Но, реков, ќе се обидам да зборувам, односно ќе зборувам и за текстот.

За жал, многу малку зборуваме за суштината. За жал, многу малку стана збор дали навистина овој закон ќе биде поблиску до граѓаните, или влеговме во една бескрајна јамка да се докажуваме каде е повредена процедурате, кој прв згрешил, кој помалку или повеќе го сака дијалогот. За жал, се додека тоа трае безбедносната ситуација не е ни малку розова. Напротив, се случуваат сериозни инциденти и мораме, уште еднаш велам мораме, среќа што овие денови нема до среда да работиме, ја замолувам Владата на Груевски, Петковски и Џафери да се договорат некако, како да излезат од оваа ситуација.

Моите забелешки на текстот на законот, бидејќи тоа е точка на дневниот ред, поврзани се со забелешките што доаѓаат од невладините организации и од Европската комисија.

Прво, наспроти стандардите што во полицијата треба да се негува високо ниво на професионализан, во законот фалат одредби за регулирање на процесот на стручно и образовно усовршување, посебно во делот на заштитата на човековите права. Затоа некои невладини организации се повикуваат на европскиот кодекс за полициска етика, препорака од Советот на Европа до земјите членки. Тој кодекс, секако, не треба да го третираме како обичен текст за некој традиционален етички кодекс. Напротив, реформата на полицијата е во обезбедување на услови за приближување на полицијата до граѓаните, а се прави со примената на одредбите од овој кодекс. На тој начин и ќе се искристализираат односите што овој момент фали во законот помеѓу МВР и Народниот правобранител, Омбуцманот, за што бевме сведоци во изминатиот период, доста дебати и дилеми имаа едни со други на постапките што се спроведуваат внатре во Министерството за внатрешни работи. Затоа, не за џабе, позицијата на Народниот правобранител, како институција таа е посебно избрана во стандардите и препораките на Советот на Европа.

За жал Владата на Груевски и Џафери и Петковски, во почетокот, со своето владеење, со своите постапки покажа дека не се секира многу за стручното усовршување. Повеќе е јасно дека лојалноста, непрофесионализмот, компетентноста, е главниот критериум за станување функционер. А, во повеќе случаеви сме сведоци дека лојалноста, за да се поткрепи, се докажува и со роднинските врски. Особено е опасно што ова се применува и во најчувствителното министерство, а тоа е Министерството за внатрешни работи. Стотина припадници на ...

**Љубиша Георгиевски:** Ајде повеќе за законот ве молам?

**Јани Макрадули:** Зборувам апсолутно за законот.

Стотината припадници на Министерството за внатрешни работи добиле прераспоредување, цитирам "распоредување се врши заради поефикасно извршување на функцијата на Министерството". Беа распоредени на многу скалила надолу и не сум ни малку среќен што некои медиуми ова го опишаа како "Среќна Нова 98 година".

Во пракса се уназадуваат непартиски лица, членот 105 во законот строго пропишува, еве во интерес на времето нема да го читам, на кој начин и како партиските луѓе треба да бидат односно да не бидат инволвирани во структурите на Министерството за внатрешни работи. За жал, во пракса се уназадуваат партиски лица и професионалци, кадри кои за своите места си обезбедиле позиција преку конкурси во комисија во која што членувале дури и неколку луѓе од Мисијата ПРОКСИМА.

Европската комисија, од своја страна, во забелешките од 5 септември 2006 година тоа го укажува дека во законот треба да се додадат одредбите што се однесуваат на општата организација, мандатот, одговорноста, улогата и надлежностите на разните полициски раководни лица.

И овде доаѓаме до суштинските измени што Владата ги предложи како политички договор помеѓу ДПА и ВМРО ДПМНЕ. Дали господинот Петковски учествуваше во ова, зошто обично кај нас за вакви работи се бунтуваше.

Да не заборавиме како се дојде до амандманите. Најпрво, господинот Груевски ги повика сите политички партии на разговор, на алиби разговор пред одењето во Брисел, за да добие општ консензус кој што и го претстави во Брисел, за кој што ако тој консензус не се постигне после на гласањето на законот, ќе биде дебакл на она што го вети. Потоа се појавија шпекулациите. Рековме, излеговме и кажавме - каде се патриотите што не караа нас дека ние не можеме да издржиме на притисокот на ДУИ. Потоа господинот Груевски излезе на Сител телевизија и рече - не се секирајте, јас сум уште патриот, нема никакви амандмани. Тоа беше потврдено и на седницата на Комисијата за политички систем, каде што експлицитно претседателот на СДС господинот Владо Бучковски им побара да се каже има ли амандмани, нема ли амандмани и побара уште една серија на консултации, бидејќи различни изјави доаѓаа тогаш во јавноста. Госпоѓа Бонева кажа нешто, господинот Шамбевски ја корегираше, па потоа за да биде трагедијата поголема, пратеникот од ДПА излезе и рече не се секирајте не ни треба сектор во Струга, началникот на полицијата во Охрид ќе биде Албанец. Што, не е проблем, но е малку потранспарентно, согласно член 22 од законот, а за транспарентноста, господинот Буџаку доста аргументирано зборуваше минатиот пат.

Амандманите за кои, да повторам, надвор од Деловникот се скрати правото да се даваат амандмани од пратениците, сериозно фрли сомнеж на она што зборував пред малку: стручноста, компетентноста и професионалноста.

Покрај тоа, апсолутно е нелогично во една хиерархиска структура, строго хиерархиска структура каква што е Министерството за внатрешни работи, за различно скалило или позиција да се има ист критериум. Имено, со поднесените амандмани во членовите 22 и 24 и за началник на сектор за внатрешни работи и за командир на полициска станица потребно е исто работно искуство од 6 години. Ќе се согласите, не е адекватно на разликата во скалилата и организационата поставеност во Министерството за внатрешни работи.

Покрај тоа, скратувањето одело некако на ѓутуре, иако, според мој личен впечаток е правено за конкретни личности, па така во член 22, сега стои дека е потребно работно искуство од 6 години, од кои 4 години на раководни позиции. Ќе се согласите дека ваква нелогичност не може да се случи, човек само со 2 години работно искуство да биде во Министерството за внатрешни работи на раководна функција. Мислам дека навистина ова е некоја "Среќна Нова 98".

Господинот Поповски зборуваше исто за оваа ниска бројка од 6 години и за некомпатибилноста дека началникот на сектор на цело Скопје, што ги покрива и Арачиново и поширокиот дел на Скопје, треба, на пример, како во членот 23, како командир на полициска станица да има исто искуство со оној кој е одговорен само за центар или Петровец. Тука мора да се направи разлика и мора да се води сметка за ова. Затоа граѓаните и невладините арганизации, па и ние пратениците сме загрижени за немањето механизам за контрола на активностите на полицијата, од два аспекти:

Прво, наспроти јасното барање во меѓународните стандарди за ефективна и независна процедура за поднесување жалби против полицијата. Членот 8 нуди механизам претставка до полицијата, каде што се вели во членот 8 дека "кога лицето кон кое се применети полициски овластувања, (согласно ова), смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права има право на претставка до полицијата". Или, поедноставно кажано полицијата да ја истражува полицијата. Вака дефинираниот член не нуди елементарна процедура на кој начин, која форма, на кого се поднесува претставката. А, згора на тоа не се спомнува што може да се направи ако подносителот на претставката не е задоволен од преземените мерки. Затоа, во стандардите на Советот на Европа, како што реков, институцијата Народен правобранител е посебно обработена и нагласена.

Второ, немањето контролни механизми ни се ускратуваат и на нас пратениците. Имено, во членот 9 се вели дека министерот за внатрешни работи обавезно, значи парафразирам, доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно, додека пак во однос на Собранието, по барање на Собранието доставува писмен извештај. Значи, не мора, ако Собранието одлучи, мнозинството вели не ни треба, тогаш нема ни да ги разгледуваме овие работи. Нема поголема транспарентност од работата во Собранието. Нема подобар ефек за Владата да покаже дека се применува законот, дека е реформиран и имплементиран онака како што пишува во законот од една општа расправа тука во Парламентот каде што и граѓаните ќе ја гледаат таа расправа.

Секако, немањето волја за транспарентна работа се гледа и во последниот став на членот 15 каде што се вели дека стручниот надзор се врши по наредба на директорот на Бирото, доколку се оцени потреба за надзор на пропишаните стандарди. Повторно нема обврзувачка одредба, нема процедура, нормално нема санкции доколку се утврди непочитување на пропишаните стандарди и постапки за работа.

Немањето обврзност или немањето можност за жалба е нишка што оди низ целиот законски текст. Ниту едно овластување, должност или обврска дадени во законот не се поврзани со јасна процедура на обжалување и санкционирање.

Сумирајќи го овој дел имаме деградирање на квалитетни професионалци, компетентни луѓе, намалување на критериуми за одредена позиција што треба да ги наследат тие луѓе и секако, немаме право на жалба ако некој, врз база на немање искуство, случајно погреши нешто.

Затоа, Европската комисија од 5 септември 2006 година, во делот на општите коментари ќе укаже дека, цитирам: "Потребни се детални одредби што ги регулираат дисциплинските постапки, невниманието и грешките при работата на полицијата". Од законот е нејасно што ќе се случи и на кој начин ќе одговара полицаецот кој не превзел неопходни мерки, бил должен да постапи а не постапил, не се легитимирал на барањето на граѓаните, за што подолго дебатиравме овде, не го известил граѓанинот на јазикот што го разбира и слични активности. Затоа меѓународните стандарди предвидуваат отчетност и транспарентност од страна на полицијата. Затоа е добро за Владата или Министерството, Предлогот или Годишниот извештај по автоматизам го проследи овде во Собранието, па за него да дебатираме.

Според мене, во текстот на законот не се допрецизирани одредбите во однос на заштитата на личните податоци. Пред некој ден, на прес конференцијата за проектот "Техничка помош за создавање Дирекција за заштита на лични податоци, спроведување на начелата за заштита на податоците во Република Македонија" вице премиерката госпоѓата Габриела Коневска Трајковска ќе каже, цитирамм: "Дирекцијата за заштита на лични податоци треба да има клучна улога, но не смее да биде единствена одговорна институција. Дирекцијата не е единствениот орган на чии плеќи треба да падне одговорноста. Полицијата, Министерството за внатрешни работи, сите институции со посебни овластувања треба да ги почитуваат правилата за заштита на

лични податоци. Само така ќе можеме да имаме адекватна соработка со ЕУРОПОЛ и ИНТЕРПОЛ".

Затоа, тоа го очекувам јас и другите да се преточи во Законот за полиција или во подзаконските акти. Затоа реков, недозволиво многу, за жал како предлагач министерката седи овде, можеби со заменикот ќе биде некоја подобра варијанта да може да се подготвуваат тие законски акти, некој каже се 114 на број и овие укажувања што Европската комисија ги има и за член 10 и за другите членови, мора посуптилно и попрецизно да биде разработено со подзаконски акти проблематиката на заштитата на лични податоци.

Тука сега да се обидам да завршам, мора да конвергираме некако, апелирам. Гледаме дека не оди работата кон чинот на гласање, без разлика што еве, според нас, не е завршена амандманската расправа, ние и со по еден дискутант дневно или два, неколу, се вклучуваме. Но, мислам дека Владата на Груевски, Петковски и Џафери треба да влезе во процесот на дијалог за да излеземе од овој ќорсокак, од оваа бескрајна јамка. Предлог на ребалансот на Буџетот ни стои неколку дена. Не е закажана седницата. Активитет ни треба во однос на интересите на граѓаните, а тука за тоа мораме да најдеме некое решение.

Се бара широка поддршка на законот, но сепак, според мене, со неколку чина и со формирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците и со неможноста да даваме амандмани на амандманите се крши добрата волја на страна на опозицијата.

Господинот Груевски рече дека, тука сите граѓани тоа го очекуваме, дека Македонија треба да стане економски тигар. Тоа што не мислам декс со пингвините на Ташковиќ може да се направи тигар, тоа е моја лична работа. Но мора на премиерот, на сите нас да ни стане јасно и да ја погледнеме реалноста и по кој знае кој пат да заклучиме дека нема економски тигри и напредок без политичка стабилност.

Во оваа реторика, за жал, гледам дека се вклучува и вице премиерот Зоран Ставрески, господинот Ставрески кој вели дека за економски раст е потребна промена на свеста. Веќе преродбата се врзува со промена на свеста. Предлагачот на овој закон мора да го оствари ветениот консензус за овој закон. А, во овој момент, минимум две опозициони партии не го поддржуваат законот. Демонстрацијата на моќ на парламентарното мнозинство ќе се врати како бумеранг и без разлика дали денес, среда, ќе се донесе овој закон. Но, ќе влезе во примена со големи опашки.

Кога се носи закон, треба да се смета на применливоста. Овој закон, секако, не ги потценувам другите закони, е малку за нијанса поспецифичен. За овој закон не е доволна само бројката на пратеници. 41 секако ќе се обезбеди. Но, овој закон треба да се примени и со поддршка и на партијата што има најголем број на пратеници во опозиција од гласовите на граѓаните Албанци во Република Македонија или пак ако сакате од партијата што има најмногу или скоро сите градоначалници во Република Македонија, партијата на ДУИ.

Затоа не можеме да ги затвораме очите. Уште еднаш апелирам, политичката ситуација не е таква за да можеме да калкулираме, за да дискутираме овде без да знаеме што се случува на теренот или без да сакаме да погледнеме што се случува на теренот.

Апелирам уште еднаш да се седне, Владата на Груевски, Петковски и Џафери да изнајдат начин како да излеземе од оваа бескрајна јамка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Почитувани дами и господа пратеници,

Пред да го прекинам денешното заседание, дозволете ми во мое и ваше име на граѓаните на Република Македонија од исламската вероисповед најсрдечно да им го честитам претстојниот празник Рамазан Бајрам.

Ве известувам дека Шестата седница ќе продолжи на 25 октомври, среда, во 11,00 часот.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 12,47 часот)